Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 92, 15 ноември 2012 година

ноември 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област биологија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научните области електротехника и компјутерска контрола на комплексни индустриски процеси на Електротехничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 7

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научната област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 21

**РЕФЕРАТ** за избор на два помлади асистенти/асистенти за наставно-научна област/поле фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на два наставника во сите звања за наставно-научната област/поле клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден асистент за наставно-научната област/поле фармацевтска технологија и социјална фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област јавно здравство и здравствена заштита на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област/поле стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип .......... 46

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 53

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез композиција и џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област видови инструменти – обоа и камерна музика на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 73

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 82

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 84

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Агрохемија и исхрана на растенијата” поднесен од авторот Рубин Гулабоски, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник со наслов „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 94

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по природа и наставата по општество“ од проф. д-р Кирил Цацков и д-р Снежана Јованова-Митковска, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 97

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 100

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2002-159/5 од 15.10.2012 год., донесена на 65. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, одржана на 15.10.2012 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за научната област ***применета математика и математичко моделирање***.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник” на 5.10. 2012 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Александра Ристеска. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Александра Ристеска** е родена на 28 декември 1985 година во Прилеп. Во 2004 година се запишува на Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски“, Факултет по математика и информатика во Пловдив на насока Математика, а дипломира во 2008 година со висок просечен успех (9,64).

Во учебната 2008/2009 година се запишува на постдипломски студии на Пловдивски универзитет „Паисиј Хилендарски“, Факултет по математика и информатика во Пловдив, на насока Применета математика. Сите испити предвидени со Програмата за постдипломски студии ги положува со просечен успех 10,0. Со одбрана на магистерскиот труд под наслов **„Варијации и некои примени на варијационо сметање“** на 7 јули 2009 година се стекнува со академски степен **магистер по применета математика**.

Од септември 2009 година волонтира на Технолошко-техничкиот факултет и други технички факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Од март 2010 година работи како помлад асистент на Технолошко-техничкиот факултет и други технички факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Во учебната 2011/2012 година се запишува на докторски студии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката работи како соработник, помлад асистент по група предмети на Технолошко-технички факултет и други технички факултети при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип:

- Математика 1;
- Математика 2;
- Математика 3;
- Информатика;
- Елементарна математика 1;
- Елементарна математика 2;
- Математичко моделирање;
- Економско математичко моделирање;
- Механика;
- Графика и дизајн;
- Мапинфо;
- Основи на програмирање;
- Нумерички методи;
- Инженерска графика.

***Список на научни трудови презентирани на меѓународни и домашни конгреси и објавени во Зборник на трудови (по изборот во помлад асистент):***

1. А.Ристеска, Ј.Живановиќ: Едно друго доказателство на теоремата на Островски-Канторович за сходимост на метода на Нотон, Сборник доклади, „Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии 2010“, Благоевград, 2010;
2. З.Златев, А.Ристеска, В.Кокаланов: Споредба на ефикасноста на вештачките граници P3 и P4 на Stacey, IX СИТ 2012, Битола, 2012.

***Учество на семинари***

Факултативни компјутерски курсеви (MS Word, Excel, Power Point, Internet), курсеви по англиски јазик - сертификат за активно познавање на англискиот јазик, курсеви по бугарски јазик - сертификат за активно познавање на бугарски јазик, курсеви по руски јазик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката **м-р Александра Ристеска** ја има поднесено комплетната документација според Конкурсот, што е во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатката покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на применета математика и математичко моделирање.

Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со нејзините објавени научни и стручни трудови.

Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдуваат нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и поширокота проблематиката што се однесува на предметот за којшто кандидатката конкурира. Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Александра Ристеска ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му предложи **кандидатката м-р Александра Ристеска да ја избере во звањето асистент за научната област применета математика и математичко моделирање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Владо Гичев, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Јордан Живановиќ, редовен професор, с.р.**
**Д-р Татјана Атанасова - Пачемска, вонреден професор, с.р.**

**Прилог**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Александра Ристеска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период 2010/2011 и 2011/2012) | 28 | 0,5 | 14 |
| Воведување вежби по нов наставен предмет | 1 | 1 | 1 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир | 2 | 1 | 2 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство | 1<br>1 | 1<br>1,5 | 1<br>1,5 |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР) | | | |
| **Член на факултетски орган, комисија**<br>(комисија за упис на студенти) | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО** | 27,5 | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следните поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СА+ОР):

- наставно-образовна (НО) = 15
- научноистажувачка (НИ) = 8,5
- стручно-апликативни и организационо-развојно (СА+ОР) = 4
- вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = **27,5** поени).